Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Sportit**

Арх. Бр. 05-2440/1

Скопје 30-09-2025

Архивски знак: 0507
Рок на чување: 5 год.
201___ година
Потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Врз основа на член член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), раководејќи се согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21 и 14/25), а во врска со точка 12 заклучок бр.7 на Владата на Република Северна Македонија донесен на сто и првата седница одржана на 19 август 2025 година, министерот за спорт донесе:

# ПРОЦЕДУРА

## за спроведување на постапки за јавни набавки и реализација на договори

Одредени поими употребени во оваа процедура го имаат следново значење:

- **„Лице задолжено за изготвување на технички спецификации"** е лице вработено во еден од секторите на Министерството за спорт, кое самостојно или во корелација со соодветни надлежни органи или субјекти ги дефинира/изработува техничките спецификации и описната документација за соодветните постапки согласно член 82 од Законот за јавните набавки ;
- **„Лице или организациски облик"** е лице или организациски облик во Министерството за спорт кое поседува соодветна стручна подготовка за вршење работи од областа на јавните набавки, и врши работи согласно член 80 од Законот за јавните набавки;
- **„Лице задолжено за реализација и спроведување на договори за јавни набавки"** е лице вработено во Министерството за спорт кое е задолжено за реализација и спроведување на склучен договор за јавна набавка.
- **„ЕСЈН"** – Електронски систем за јавни набавки.

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

1. Со оваа процедура се пропишува начинот на планирање и спроведување постапки за јавни набавки, склучување и реализација на договорите.
2. Примената на оваа процедура се однесува на лицата задолжени за:
   - изготвување годишен план за јавни набавки,
   - изготвување технички спецификации,
   - изготвување тендерска документација,
   - јавно отворање и евалуација на понуди, изработка и потпишување акти пред склучување на договор, и
   - склучување и реализација на договор за јавна набавка.

## II. ПЛАНИРАЊЕ, ИЗГОТВУВАЊЕ ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Член 2**

1. Врз основа на планираните извори за финансирање и утврдените програми за работа во тековната година се носи План за јавните набавки од страна на Комисија формирана со Решение од страна на министерот за спорт во која членуваат лица од сите сектори и лицето или организацискиот облик во Министерстворто за спрот.
2. Во согласност со очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот утврдени во Планот за јавните набавки за тековната година, надлежниот сектор односно лицето задолжено за изготвување на делот кој ги опфаќа техничките спецификации или описната документација, изработува нарачка/налог со прилог потребна документација како што се технички спецификации, описна документација, проект, соодветно образложение за потребата од набавката и други неопходни документи, за отпочнување постапка за спроведување јавна набавка и по писмен и електронски пат (email) ја доставува до лицето или организацискиот облик.
3. Тендерската документација се изработува од страна на лицето или организацискиот облик и лицето задолжено за изготвување на делот кој ги опфаќа техничките спецификации или описната документација во зависност која од постапките утврдени во член 47 од Законот за јавните набавки се користи.
4. Тендерската документација треба да биде изработена најкасно во рок од 5 (пет) работни дена по добивање на документацијата од став 2 на овој член.
5. По изработка на тендерската документација, одлуката за јавна набавка како и комплетирање на целокупната потребна документација за конкретна постапка истата се доставува до одговорното лице-министерот на увид и потпишување.
6. Лицето или организацискиот облик го објавува огласот за јавна набавка на Електронскиот систем за јавни набавки најкасно во рок од 2 (два) работни дена по добивање на документацијата од став 5 на овој член.

Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38 Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38 Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

7. Тендерската документација е достапна на секој заинтересиран економски оператор со користење електронски средства заради директен и целосен пристап преку ЕСЈН истовремено со објавување на огласот за јавна набавка.

## III. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА ПОНУДИ

Член 3

1. Комисијата за јавни набавки одговора на прашања и барања за појаснување на тендерската документација ги отвора понудите или пријавите за учество на денот на јавното отворање на понудите утврден во огласот и тендерската документација.
2. Комисијата за јавни набавки врши проверка на издадени негативни референци врз основа на Извештајот кој го генерира ЕСЈН за конкретна постапка и веднаш по читање на понудите е должна да внесе потребни податоци во Записникот од јавното отворање на понудите и истиот потпишан да го прикачи на ЕСЈН.
3. Евалуацијата, евентуалните дополнувања и објаснувања на документацијата на понудите, закажувањето на е-аукции ја врши Комисијата за јавни набавки во корелација со лицето или организацискиот облик.
4. Комисијата за јавни набавки е должна веднаш по завршување на електронската аукција доколку истата е предвидена со постапката да внесе потребни податоци во Извештајот од спроведена постапка и истиот потпишан да го прикачи на ЕСЈН.
5. Лицето или организацискиот облик ја подготвува потребната документација за завршување на постапката како одлуки и известувања согласно Законот за јавните набавки и истата ја доставува преку email до Одговорното лице и Комисијата за јавни набавки.
6. Одговорното лице по добивање и евалуација на потребната документација на ЕСЈН ја потпишува и носи одлуката согласно член 112 од Законот за јавните набавки.
7. Комисијата за јавни набавки го потпишува известувањето за економските оператори согласно член 113 од Законот за јавните набавки и го прикачува на ЕСЈН.

## IV. СКЛУЧУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Член 4

1. По истекување на рокот за жалба односно по конечноста на одлуката за избор, надлежниот сектор во координација со лицето или организацискиот облик го доставува Договорот за јавна набавка до избраниот економски оператор за потпишување и заверка.
2. Договорот потпишан и заверен од двете договорни страни се распределува до надлежните сектори во Министерството за спорт.
3. Надлежниот сектор кој ја доставил нарачаката/налогот за отпочнување со јавната набавка го реализира договорот согласно утврдените договорни и законски одредби.



EGZEMPLARI ARKIVOR

4. Во зависност од спецификите на договорите, министерот за спорт може да донесе Решение за именување одговорно лице со конкретни активности за реализација на договор.

5. По реализација на договорот, на веб страницата на Бирото за јавни набавки се објавува известување со информации за реализацијата на договорот и вкупен износ на исплатени средства.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 5

(1) Се што не е уредено со оваа процедура важат одредбите од Законот за јавните набавки и другите важечки законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија од предметната област.

(2) За непочитување на одредбите од оваа процедура се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за админстративни службеници, Законот за работните односи и другите важечки законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија од предметната област.

### Член 6

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**МИНИСТЕР**
**БОРКО РИСТОВСКИ**

Министерство за спорт – Ministria e Sportit * Скопје - Shkup

Изготвил/Контролирал: м-р Бошко Лепчески

**Доставено до:**

- Архива
- Сектори во Министерство за спорт

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR